Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за транспорт и врски Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Државен комунален инспекторат-Inspektorati Shtetëror Komunal
Бр.-Nr. 05-270/11
12.09. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

SALI AJDINI

Digitally signed by SALI AJDINI
Date: 2024.09.12 12:02:58 +02'00'

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000, 44/2002, 130/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), и Врз основа на член 112 став 1 став 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/19 и 87/21), в.д Директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје ја донесе следната:

# ОДЛУКА[1]
## за избор на најповолна понуда

1. Со оваа Одлука, согласно спроведената постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас за јавна набавка спроведена врз основа на Одлука за јавна набавка со арх .број **05-270/1** од **05.09.2024** година за набавка на:**„Набавка на услуги –поправка и тековно одржување на моторни возила "**.

   За најповолна понуда се избира понудата на понудувачот: **„Друштво за промет, транспорт и услуги ЛАДРУС ДООЕЛ Скопје„** Вредноста за реализација на договорот што ќе се склучи ќе биде со вредност од (300.000,00) без ДДВ односно вкупна цена изнесува (354.000,00) со ДДВ.

2. Согласно извештајот на Комисијата, како најповолна понуда е избрана понудата на понудувачот од точка 1 од оваа Одлука.

3. Договорот за јавна набавка, ќе се потпише по истекот на 5 (пет) дена од денот на приемот на оваа одлука од страна на понудувачот кој учествувал во постапката.

4. Се задолжува комисијата за јавни набавки да ја спроведе оваа одлука согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] Одлуката за јавна набавка електронски потпишана ќе биде прикачена на електронскиот систем за јавни набавки.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Законот за јавни набавки, Државниот комунален инспекторат преку Комисијата за јавни набавки спроведе постапка за јавна набава со оглас бр. **14317/2024** објавено преку ЕСЈН за **„Набавка на услуги –поправка и тековно одржување на моторни возила "** и достави Извештај од спроведената постапка заведен со архивски **бр. 05-270/10 од 12.09.2024** година.

На денот на отварањето на понудите беа поднесени 1 (една) понуда согласно записникот од отварањето на понудите со архивски **05-270/9 од 12.09.2024** година.

По извршената евалуација на доставената понуда на предлог на Комисијата за јавни набавки, а согласно Извештајот од спроведената постапка **бр. 05-270/10 од 12.09.2024 година**, одговорното лице на договорниот орган согласно член 112 став 1 став 2 од Законот за јавни набавки, го прифати извештајот на Комисијата во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Согласно член 143 од Законот за јавните набавки незадоволниот економски оператор во постапката за доделување на договор за јавна набавка може да поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 5 дена од денот на прием на известувањето за избор. Жалбата истовремено се доставува и до договорниот орган.

**в.д директор**
**M-r Sali Ajdini**

-Изготвил:Ненад Станоев

Доставено до:
-Архива
-Понудувач